## Анкета за инфлациските очекувања

Со цел да се унапреди анкетното мерење на инфлациските очекувања, Дирекцијата за монетарна политика и истражување на Народната банка на Република Македонија во текот на 2013 година презеде активности за подетаљна анализа на искуствата на другите централни банки поврзани со спроведување на анкетите. Врз таа основа се изврши и преосмислување на постојната анкета, заради нејзино поголемо приближување до европската практика.

Новиот формат на анкетниот лист содржи две прашања, едно со квалитативен и едно со квантитативен карактер. Првото прашање за инфлациските очекувања е осмислено на квалитативен начин, односно испитаниците не даваат квантитативен одговор, туку ја посочуваат насоката и степенот на промени на цените во споредба со промената во претходните дванаесет месеци. Процедурата за мерење на квалитативните одговори е со примена на пристапот на веројатност на Карлсон и Паркин (1975), којшто претпоставува дека при доволно голем број испитаници, очекуваната промена на цените е нормално распределена кај популацијата. Прашањето со квантитативниот карактер бара од испитаникот прецизно да ја одреди очекуваната просечна стапка на промена на цените во 2014 и 2015 година.

Како и претходно, Анкетата за инфлациските очекувања опфаќа три групи испитаници: економски аналитичари, претпријатија и финансиски институции. Притоа, квалитативното прашање за очекувањата гласи: „Во споредба со изминатите дванаесет месеци, какви очекувања имате за движењето на потрошувачките цени во следните дванаесет месеци? а) ќе имаат побрз раст; б) ќе растат со тековната динамика; в) ќе растат побавно; г) ќе бидат речиси непроменети; д) ќе се намалат; ѓ) тешко е да се одреди", додека прашањето со квантитативен карактер гласи: „Кои се Вашите очекувања/прогнози за просечната стапка на инфлација во 2014 и 2015 година?".

Графикон 1.Нормална дистрибуција на одговорите на испитаниците




Извор: НБРМ, Анкета за инфлациските очекувања.

Во Анкетата спроведена во октомври 2013 година, 48,4% од испитаниците очекуваат дека цените ќе растат со тековната динамика во следните 12 месеци, 28,0% очекуваат забавување на инфлацијата, 16,1% очекуваат непроменети цени, додека само 6,5% очекуваат повисока инфлација. Во услови на повисока просечна инфлација во претходниот дванаесетмесечен период (од 3,7%), испитаниците укажуваат на забавување на инфлацијата во просек за 1 процентен поен во следниот дванаесетмесечен период, односно очекуваат просечна инфлација од 2,7%. Од аспект на анкетираните групи, најсилно забавување очекуваат анкетираните ***претпријатија*** (2,4%), потоа ***економските аналитичари*** (од 2,7%), додека ***финансиските институции*** очекуваат дека инфлацијата ќе забави и ќе се сведе на 3,0%. Испитаниците ги објаснуваат ваквите очекувања со очекувањата за понизок раст на светските цени на храната и енергентите, во услови на отсуство на притисоци од страна на побарувачката. Во однос на очекувањата за просечната стапка на инфлација во 2014 и 2015 година, испитаниците очекуваат стапка на раст од 3,3% и 3,4%, соодветно.